# Пазар

Прослава на локалните традиции и чесната трговија (Honest Trade)

## Клучни зборови:

локална храна, рачно изработени производи, финансиска писменост, одржливост, традиционални занаети, земјоделство

## Таргет-групи:

Ученици од основно училиште (возраст од 6 до 11 години)

## Цели:



Оваа активност ги запознава учениците со вредноста на традиционалните пазари како простори за локалните производители, мали земјоделци и изработувачи на рачно изработени производи, каде што ги продаваат своите стоки. Учениците истражуваат како пазарите поддржуваат одржливост, заедница и фер работа. Со изведба на модел на пазарска тезга и играње сценарио за мал пазар, тие учат основни концепти за приход, чесни цени, интеракција со купувачи и локален идентитет.

## Општа насока за распределба на времето:

Времето потребно за спроведување на оваа активност може да варира во зависност од специфичната група на деца. Учителите се охрабруваат да ја приспособат имплементацијата според потребите, интересите и динамиката на групата.
Во подготвителната фаза учителите можат да користат различни активности за да го воведат и контекстуализираат избраниот предмет. Овие активности може да вклучуваат дискусии, видеа, цртежи, раскажување приказни или дури и излет, во зависност од возраста и претходното знаење на децата.
Главната фаза на изведба, во која децата го планираат и го изградат својот урбан елемент користејќи лего-коцки, обично не би требало да трае повеќе од 45 до 60 минути.
Сепак, оваа фаза често поттикнува понатамошна љубопитност и прашања кај децата, што може да доведе до продолжено ангажирање или следни активности. За подетални упатства и педагошка поддршка за имплементирање на активностите од проектот INNO–kids, ве молиме преземете го Методолошкиот водич за учители.

## Потребни материјали и ресурси

- Лего коцки од различни видови;
- Хартија, маркери, восочни бои и дрвени боици, ножици и лепило, рециклирани материјали како пластични шишиња, капачиња од шишиња или пакување;
- Големи и мали картонски кутии;
- Мали предмети или рачно изработени производи (кои ги претставуваат стоките: хартиени овошја, зеленчуци, тегли, риби, билки, леб и сл.);
- Играчки монети или хартиени пари за едноставни трансакции;
- Фотографии или кратки видеа од вистински традиционални пазари (село, град, крајбрежни пазарчиња на фармери).

***Напомена:*** *Поттикнете ги учениците креативно да ги пренаменат достапните материјали. Ако лего-коцките не се достапни, учениците можат да користат основни материјали за ракотворби за да ги остварат своите идеи преку цртежи и рачно изработени модели.*

## Вовед:

Започнете со прашања до учениците: „Дали некогаш сте биле на пазар? Што видовте таму?" Објаснете им дека не сите пазари се исти. Некои се живи, шарени места каде што луѓето продаваат домашен леб, свежи зеленчуци, риби, локално сирење и рачно изработени производи − овие често се нарекуваат традиционални пазари. Други можат да бидат исполнети со евтини, масовно произведени производи, понекогаш наменети за туристи, и не сите продавачи се чесни.




Покажете фотографии или кратко видео од различни видови пазари. Истакнете ја разликата помеѓу комерцијалните пазари и традиционалните. Потсетете ги на тоа дека вистинските локални пазари играат важна улога во одржливото живеење: тие ги намалуваат емисиите на гасови што се создаваат при транспортот, ги поддржуваат малите фармери, ги задржуваат парите во заедницата и ги слават културните традиции.

# Процедура:

**Подготовка**

Водете ги учениците да размислат што би можело да се продава на традиционален пазар во нивниот регион – свежи земјоделски производи, цвеќиња, билки, рачно изработени играчки, домашно печени слатки или риба од локалните води. Поставете им прашања како:

- Што би придонело вашата тезга да изгледа автентично и гостопримливо?
- Како можеме да го намалиме отпадот и повторно да ги искористиме материјалите при дизајнирањето на тезгата?

Овие прашања ќе им помогнат да размислуваат креативно, одржливо и со емпатија кон локалната заедница.

**Поделба**

Откако ќе ги завршат своите планови, учениците работат во групи за да изградат свои пазарски тезги користејќи картонски кутии и креативни материјали. Секоја група:

- Сече и витка голема кутија во структура со три страни, што претставува тезга.
- Ја украсува тезгата со бои, цртежи и повторно искористени материјали.
- Додава сенки, знак и простори за изложување на производите.
- Ги подготвува своите производи од хартија, лего-коцки или картон – претставувајќи предмети како зеленчук, овошје, сапуни или риби.
- Поставува мала маса или површина што ќе служи како работен простор за продавачот.
- Изработува ценовник и подготвува хартиени пари за трансакции.

**Детали:**

- Охрабрете ги учениците внимателно да размислат за изгледот на нивната тезга:
- Дали производите се уредно изложени и лесно се препознаваат?

Дали тезгата покажува гордост за локалната култура – преку дизајн, знаци или декорации?

- Дали цените се јасни и фер?

Потсетете ги дека добар продавач не нуди само корисни или убави производи, туку и ги пречекува купувачите со почит. Учениците можат да додадат детали како торбички за повеќекратна употреба, картички со рецепти или етикети што кажуваат од каде потекнува производот. Овие мали работи покажуваат грижа и професионалност, и се директно поврзани со вредностите на одржливата трговија.

**Приказни**
Поканете ги учениците да измислат кратка приказна за нивната тезга. Кој е продавачот? Земјоделец? Рибар? Баба што продава џем направен од овошје од нејзината градина? Зошто започнал/а да продава на пазарот и како се чувствува за својата работа?
Приказните може да вклучуваат секојдневни радости и мали предизвици, на пример, да им снема јаболка или да му помогнат на турист да го избере најдобриот мед.

**Презентација**
Секоја група ја претставува својата тезга пред остатокот од класот или пред гости ученици глумејќи вистински продавачи. Тие ги пречекуваат „купувачите“, ги претставуваат своите производи, ги објаснуваат цените и ја раскажуваат приказната за своите производи или за личноста што стои зад тезгата.
Ако е можно, училницата може накратко да се претвори во мини-пазар каде што учениците ќе ги посетуваат тезгите, ќе поставуваат прашања, ќе вршат „лажни“ купувања и ќе вежбаат учтиво однесување кон купувачи. Активноста завршува со групна рефлексија за тоа што научиле за вистинските пазари, чесната трговија и радоста од локално произведените работи.

## Совети:

- Охрабрете ги учениците да останат фокусирани на квалитетот, грижата и креативноста, а не на количината или на тоа да продадат најмногу.
- Користете насочувачки прашања како: „Што би те натерало да застанеш токму на оваа тезга?“
- Потсетете ги дека локалните пазари не се само за трговија, туку тие градат односи, го намалуваат отпадот и ги одржуваат традициите.

## Дополнителни размислувања:

**Диференцијација:**
Обезбедете дополнителна поддршка или поедноставени инструкции за ученици на кои им е потребна помош. За напредни ученици, понудете дополнителни задачи, како истражување на одржливи практики или дизајнирање посложени модели.

**Оценување:**
Оценувајте ги учениците според нивното учество и ангажман за време на дискусиите и практичните активности. Вреднувајте ги креативноста, вложениот труд, соработката, длабочината на разбирање покажана преку нивните модели, критичкото размислување, способноста за давање конструктивни повратни информации и вештините за презентација.

**Дополнителни активности:**

- Организирајте вистински мини-пазар со вклучување ученици од други одделенија или родители. Дозволете им на учениците да подготват едноставни производи (со поддршка за хигиена) или ракотворби за вистинска продажба.
- Поканете локален земјоделец, занаетчија или пазарџија да го сподели своето искуство.
- Учениците, исто така, може да направат мапа на вистински традиционални пазари во околината и да изработат постери што ги промовираат придобивките од купување на локално ниво.

## Поврзаност со наставниот план:

Оваа активност ги поврзува следниве предметни области:

- **Финансиска писменост** (основно формирање на цени, трошење и заработка);
- **Општествени науки** (локално производство, правичност, заеднички живот);
- **Уметност** (дизајн, креативност, изработка);
- **Јазик** (раскажување приказни, дискусија, вештини за презентација).

## Поврзаност со Целите за одржлив развој (SDGs):

- **Цел 8:** Достоинствена работа и економски раст – Учениците учат за правична заработка, чесна трговија и мали локални економии.
- **Цел 11:** Одржливи градови и заедници – Учениците истражуваат како придонесуваат традиционалните пазари за отпорен и инклузивен урбан живот.
- **Цел 12:** Одговорна потрошувачка и производство – Учениците размислуваат за вредноста на рачно изработени, домашно одгледани и нискоотпадни производи.
- **Цел 13:** Климатска акција – Учениците разбираат како купувањето од локални продавачи ги намалува емисиите на гасови што се создаваат при транспортот и ја штити животната средина.

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Изразените мислења и ставови се исклучиво на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или СААИК. Ни Европската Унија ни органот што го одобрил грантот не можат да бидат одговорни за нив.